Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа, член 16 и член 20 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/20) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а на предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___.12.2021 година ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2022 година**

## I. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка во реализација на Стратегијата за млади на Општина Велес;
- Поддршка на работата на Советот на млади на Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес;
- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на живот на младите во градот;
- Создавање услови за реализирање на активности на младите и здруженија на граѓани чија целна група се младите од Општина Велес;
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## II. Активности

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Реализирање активности согласно Стратегија за млади;
- Организирање трибини, форуми, дебати и слично на теми што се од нивен интерес.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

| | **Активности на Општина Велес во 2022 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **550.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на програмски активности на граѓански младински организации | 100.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на Активности на Локален младински совет на Општина Велес | 100.000,00 |
| 1.3. | Поддршка на активности на Младински центар во Велес | 200.000,00 |
| 1.4. | Изработка на локална стратегија за млади на Општина Велес со Акциски план 2022-2027 | 100.000,00 |
| 1.5. | Непредвидени трошоци | 50.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **135.000,00** |
| 2.1. | Учество во партнерски проекти | 135.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **685.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2022 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Образложение**

Предлог-програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2022 година е креирана  согласно целите за изразување поддршка за работата  на Локалниот младински совет на Општина Велес, кој ќе се формира во текот на 2022 година.

Програмата е во насока на вклучување на општината во организирање и збогатување на животот на младите во градот преку создавање услови за реализирање на активности на младите и здруженијата на граѓани чија целна група се младите од Општина Велес.